ISSN - 1409-553 UDK - 316
Број 1-2, 2004 година

# Социолошка ревија

СПИСАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА СОЦИОЛОЗИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Социологијата пред методолошките предизвици

## Истражување на политичката партиципација

## Општествените промени и образованието

## Од граничните подрачја на социологијата, историјата и психологијата

Број 1-2, 2004 година

# Социолошка ревија

СПИСАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА СОЦИОЛОЗИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СОЦИОЛОШКА РЕВИЈА

Број 1-2, 2004 год.

СПИСАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА СОЦИОЛОЗИТЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Главен и одговорен уредник, в.д.

проф.д-р Милева Ѓуровска

Адреса на списанието:

Филозофски факултет, бул."Крсте Мисирков" бб, Скопје
(за "Социолошка ревија"), тел. 3116520, лок.116

Списанието излегува два пати годишно. Овој број е финансиран
од Министерство за образование на Република Македонија

# ВОВЕД

Ова е шесто издание на списанието *Социолошка Ревија* што го издава Здружението на социолозите на Република Македонија. Последниот двоброј беше издаден во 2001 година. Не навлегувајќи подлабоко во причините за застојот во издавањето ќе укажеме на неколку значајни моменти што влијаеја во создавањето на таквиот амбиент.

-Редакцискиот одбор уште од 1999 година се соочуваше со многу проблеми од финансиска природа. Имено, минималните средства што ги доделуваше Министерството за образование и наука во еден период Ревијата не ги добиваше. Во 2002 година повторно се обнови фондот за печатење, сега во рамките на Министерството за образование, со кои средства се печати ова издание.

-Еден дел од тешкотиите се однесуваат на некои организациски аспекти. Пред сѐ, во наведениот период, беа намалени активностите на Здружението што се одрази и на редовното излегување на Ревијата. Во истиот период беше именуван нов редакциски колегиум кој, меѓутоа, не профункционира. Главниот и одговорен уредник успеа, на сопствена иницијатива, да реализира само едно издание во кое беа презентирани текстовите од научниот собир посветен на Макс Вебер.

-И покрај тоа што беше усвоена идејата списанието во иднина да излегува како гласило на Здружението на социолозите и на Институтот за социологија при Филозофскиот факултет, и таа идеја не беше подржана во целост. Очекуваме, понатаму, да се прошири кругот на соработниците и нивното сѐ позачестено присуство на страниците на Ревијата.

Ова издание на Ревијата е под иницијатива на Здружението на социолозите на Република Македонија. Како потпреседател на Здружнието ја презедов обврската на главен и одговорен уредник, до именувањето на нов редакциски одбор, а со цел што побрзо да биде издадена Ревијата и да се искористат веќе доделените финансиски средства. Во таа смисла, се заблагодаруваме на Министерството за образование и наука за покажаното разбирање.

**Проф. Д-р. Милева Ѓуровска**